ИЗВЕШТАЈ

за тркалезната маса на тема „Подобрување на употребата на мониторингот и евалуацијата во креирањето политики во Северна Македонија“

Одржана на 18.06.2025

Место: Министерство за европски прашања, Центар за обука, 5. кат, Скопје

Организатор: Македонска мрежа на евалуатори (ММЕ)

Резиме 2
Подготовка на тркалезната маса 3
Цел на настанот 3
За Македонската мрежа на евалуатори (ММЕ) 3
Присутни 3
Текот на настанот 4
Дневен ред 4
Темите за дискусија 4
Дискусија за важноста на евалуацијата 5
Заклучоци 5
Анекси 6
Поканата со Агенда 6
Презентациите на говорниците 6
Листа на потписи на учесниците 6

Скопје, јуни 2025

Macedonian Evaluation Network

Contact information:
Web: www.men.mk | E-mail: men@men.mk
Tell: 070233867

Резиме

На 18 јуни 2025 година, во просториите на Министерството за европски прашања во Скопје, се одржа тркалезна маса на тема „Подобрување на употребата на мониторингот и евалуацијата во креирањето политики во Северна Македонија“, организирана од Македонската мрежа на евалуатори (ММЕ).

Настанот собра 24 учесници, меѓу кои претставници на Собранието, Владата, министерства, државни институции, меѓународни организации (ЕУ Делегација, ОБСЕ, УНИЦЕФ), општини, граѓански организации и експерти за M&E. Целта беше да се дискутира за моменталната состојба на употребата на мониторингот и евалуацијата (M&E) во креирањето јавни политики, да се идентификуваат клучните предизвици и да се формулираат практични препораки за унапредување.

Клучни пораки:

- Евалуацијата е основа за ефикасно управување, за носење информирани одлуки и за обезбедување транспарентност и отчетност на јавните политики.
- Потребно е градење на капацитетите за M&E на јавните службеници и зајакнување на професионалната заедница на евалуатори.
- Неопходно е да се негува култура на учење, која ќе ја користи евалуацијата за постојано подобрување на политиките и програмите.
- Треба да се поттикне меѓу-секторска соработка (влада, граѓански сектор, академија, меѓународни партнери) за да се обезбеди сеопфатен пристап.
- Се препозна потребата од воспоставување регулаторна рамка за евалуација, што ќе ја вгради оваа практика во процесите на креирање политики и ќе ја засили довербата во институциите.

Настанот ја потврди подготвеноста на сите засегнати страни за натамошна соработка со цел да се подобри употребата на мониторингот и евалуацијата во јавните политики во Северна Македонија.

Подготовка на тркалезната маса

Тркалезната маса се организираше во рамки на Проектот на ЕУ, Еразмус+ под назив „Подобрување на вештините за мониторинг и евалуација (M&E) за јавните и државни службеници“.

Намерата на оваа тркалезна маса беше да ги собере клучните чинители од различни сектори за да разговараат за моменталната состојба на практиките за евалуација во нашата земја и да истражат стратегии за подобрување на нивната примена.

Подготвителните работи опфатија изработка на покана до таргетираните институции, со Агенда и презентации за темите за воведување во дискусијата. (*Поканата со Агенда и презентациите се анекс на извештајот*).

Цел на настанот

Целта на тркалезната маса беше да се разгледа моменталната состојба на мониторингот и евалуацијата (M&E) во нашата земја и да се идентификуваат стратегии и препораки за унапредување на нивната примена во процесите на креирање политики.

Конкретните цели беа:

1. Да се процени моментална состојба на користењето на евалуацијата во Северна Македонија.
2. Да се утврдат предизвици и можностите за интеграцијата на M&E во рамките на процесите на креирање политики и да се предложат практични препораки за подобрување на употребата на евалуацијата.
3. Да се поттикне соработката меѓу клучните засегнати страни со цел подобрена употреба на евалуацијата во креирањето политики

За Македонската мрежа на евалуатори (ММЕ)

ММЕ е посветена на промовирање на културата и практиката на евалуација низ нашите институции. Со градењето на заедницата на евалуатори, имаме за цел да го подобриме квалитетот и ефикасноста на јавните политики и програми. Нашата мисија е да обезбедиме платформа за споделување знаење, помогнеме во креирањето на регулатива за евалуација како и во градењето на капацитети на институциите и самата професијата. Целта е и да се развијат добри практики и да се изнајдат ресурси што ќе можат да ни помогнат колективно да ги спроведеме промените што сакаме да ги видиме во нашето општество.

Присутни

Присутни беа вкупно 24 претставници од следните организации и институции: Пратеник од Собрание на РСМ, Генерален Секретаријат на Владата на РСМ, Влада на РСМ, Министерство за европски прашања, Министерство за локален развој, Државен завод за ревизија, ЕУ Делегација, ОБСЕ, УНИЦЕФ, општини, членови на ММЕ, експерти од областа, претставници од невладин сектор.

Листа на присутни со потписите е во прилог на извештајот.

Текот на настанот

Текот на тркалезната маса имаше два дела: првиот, воведни излагања за важноста на евалуацијата; и вториот, дискусија по отворените прашања за подобро користење на МиЕ во креирањето политики во Република Северна Македонија.

Дневен ред

13:00 - 13:20	**Воведни зборови од ММЕ – Македонска мрежа на евалуатори** • Ристо Иванов- член на УО на ММЕ
13:20 - 14:30	**Моментална состојба и предизвици за употреба на M&E во креирањето политики – презентација** • Влатко Данилов- претседател на ММЕ • Љупчо Пренџова- пратеник во Собранието на РСМ • Светомир Рајчиновски- Помошник раководител на Сектор за стратегија, планирање, следење и Национална развојна стратегија, Генерален секретаријат на Владата • Венера Гудачи- член ан УО на ММЕ
14:30 – 16:00	**Соработка на клучните институции и препораки за подобрување на употребата на евалуацијата** • Дискусии на учесниците
16:00 - 16:30	*Коктел и вмрежување*

Презентациите на говорниците се прилог на извештајот.

Темите за дискусија

После излагањата на говорниците се отвори дискусија по поставените прашања како теми за дискусија:

1. Како евалуацијата може да ги информира и подобри одлуките за политиките, преку креирањето политики засновани на докази?
2. Каква стратегија и план се потребни за вклучување на засегнатите страни во процесот на подобрување на користење на евалуација?
3. Оценка на сегашните капацитети на јавниот сектор за евалуација и идентификување на потребите за обука и ресурси за зајакнување на компетенциите за евалуација кај јавните службеници?
4. Како можат наодите од евалуацијата системски да се интегрираат во формулирањето и ревизијата на политиките?
5. Потребата од стандардизирани пристапи кон евалуацијата, креирање на регулатива, систем и професионализација на евалуацијата?
6. Стратегии за поттикнување култура на евалуацијата и нејзина редовна примена во оценувањето на интервенциите на јавниот сектор?

На тркалезната маса беа нагласени важноста на евалуацијата како критична алатка за донесување информирани одлуки и зголемување на транспарентноста, како и за учење и адаптација на политиките. Се потенцираше потребата за интегрирање на евалуацијата во дизајнот на јавните програми и за засилена меѓусекторска соработка.

Дискусија за важноста на евалуацијата

На Тркалезната маса не само да се дискутираше, туку и се препозна клучната улога што ја игра евалуацијата во работата на Владата, министерствата и локалните самоуправи. Евалуацијата не е само уште еден концепт на управување; таа е фундаментална компонента на ефикасното управување. Таа обезбедува алатки за мерење на успехот, идентификување на области за подобрување и обезбедување максимално користење на ограничените ресурси. Кога се вградува евалуацијата во нашите политики и планирање, создаваме информација која го информира донесувањето одлуки и ја поттикнува транспарентноста.

Беа искажани изјави дека ефективната евалуација е основ за учење и прилагодување. Тоа е процес што оди подалеку од известувањето за резултатите; станува збор за разбирање на влијанијата од нашите активности и донесување информирани одлуки за идните иницијативи. Мора да се стремиме да создадеме култура каде што евалуацијата се смета за критична алатка за континуирано подобрување.

Понатаму, се истакна важноста на интегрирањето на евалуацијата во самата структура на јавните програми, за да се осигури дека тие не само што се дизајнирани имајќи ја предвид ефикасноста, туку се и соодветни на примарните потреби на нашите граѓани. Со активно вклучување на засегнатите страни во процесот на евалуација, можеме да постигнеме позначајни резултати и да поттикнеме поголема ефективност и ефикасност за политиките.

Заклучоци

Имајќи предвид големиот одзив и присуство на различни чинители, општ заклучок е дека настанот успешно ги исполни своите цели, обезбеди плодна дискусија и постави основа за понатамошни иницијативи за промовирање на мониторингот и евалуацијата како критична алатка за развој на јавните политики во Северна Македонија

Во дискусиите со претставници од институциите произлегоа неколку клучни заклучоци во врска со улогата на евалуацијата:

1) **Посветеност на креирање јавни политики засновани на докази:** Императив е да го приоритизираме донесувањето одлуки засновани на докази во нашите практики на управување, за да ја зголемиме ефикасноста на јавните интервенции.
2) **Зајакнување на капацитетите за евалуација**: Постои колективно признавање на потребата од градење на компетенциите на нашите јавни службеници и засегнати страни во методологиите и практиките на евалуација.
3) **Негување култура на учење**: Посветеноста на учење од минатите евалуации ќе ни овозможи постојано да ги прилагодуваме и усовршуваме нашите политики, осигурувајќи дека тие ги задоволуваат развојните потреби на нашето општество.

4) **Соработка меѓу секторите**: Ефективната евалуација бара соработка меѓу владините тела, професијата, граѓанското општество и академските институции за да се потпреме на широк спектар на перспективи и експертиза.
5) **Потребно е воспоставување на регулаторна рамка за евалуација** која би го подобрила користењето на евалуацијата за унапредување на јавните политики и изградба на доверба кон државните институции.

Анекси

Поканата со Агенда

Презентациите на говорниците

Листа на потписи на учесниците

Список на присутните на Тркалезната маса (по азбучен ред)

	Име и презиме	ИНСТИТУЦИЈА/ОРГАНИЗАЦИЈА
1	АЛЕКСАНДАР КРЖАЛОВСКИ	МЦМС
2	ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ	ММЕ
3	ВЕНЕРА ГУДАЧИ	ММЕ
4	ВЛАТКО ДАНИЛОВ	ММЕ
5	ЕЛИЗАБЕТА БУОВА	МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
6	ЕЛИЗАБЕТА ГЕОРГИЕВСКА	ЕУ ДЕЛЕГАЦИЈА
7	ЗЛАТКО ЈАНКОВСКИ	МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
8	ЈОШКО ИВАНОВСКИ	ММЕ
9	ЈУЛИЈАНА КАРАИ	ЕПИ ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКИ ПОЛИТИКИ
10	ЛИДИЈА ФАЈДИГА	ММЕ
11	ЉУБОМИР ДИМОВСКИ	ЕКСПЕРТ
12	ЉУБОМИР ТРАЈКОВСКИ	ЕКСПЕРТ
13	ЉУПЧО ПРЕНЏОВ	СОБРАНИЕ НА РСМ
14	МАРИЈА НАШОКУ	УНИЦЕФ
15	МАРИНА БЛАЖЕВСКА	ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
16	МЕРИ ДИМИТРОВСКА	ОБСЕ
17	МИМОЗА КЛЕКОВСКА	ОПШТИНА КАРПОШ
18	РИСТО ИВАНОВ	ММЕ
19	РОМАН ПАПАДИМИТРОВ	ММЕ
20	САЛИ САЛИ	ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА
21	САША ГРУЈЕВСКИ	ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА
22	СВЕТЛАНА КИРЕВСКА	РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ
23	СВЕТОМИР РАЈЧИНОВСКИ	ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА
24	ФИЛИП ДИМИТРОВСКИ	МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

Почитувани учесници, драги колеги и пријатели,

Благодарам за вашето присуство

Ми претставува чест и задоволство да ви посакам добредојдовте на денешната тркалезна маса во улога на фасилитатор.

Во време на сложени општествени предизвици и ограничени ресурси, потребата од ефикасни, транспарентни и докажано ефективни политики станува сè понагласена. Мониторингот и евалуацијата не се само технички инструменти – тие се основни столбови на планирање на развојот вклучувајќи отчетноста, учењето и подобрувањето на резултатите за граѓаните.

Затоа МЕН долгорочна стратешка намера да ја актуализира оваа тема во насока M&E да не се гледа како форма на контрола или санкција, туку како механизам за **учење и подобрување на развојните политики на национално, регионално и локално ниво.**

Ваквиот пристап налага широка соработка на клучните чинители од различни сектори вклучени во планирањето на развојот на земјата. Во таа насока е денешната средба, организирана во рамки на проектот што го спроведува МЕН.

Во поканата беа **наведени Конкретните цели на ТМ**

1. Да се процени моментална состојба на користењето на евалуацијата во Северна Македонија.
2. Да се утврдат предизвици и можностите за интеграцијата на M&E во рамките на процесите на креирање политики и да се предложат практични препораки за подобрување на употребата на евалуацијата.
3. Да се поттикне соработката меѓу клучните засегнати страни со цел подобрена употреба на евалуацијата во креирањето политики

Се надеваме дека ќе отвориме дијалог за идни можности и заеднички иницијативи кои ќе придонесат кон поефикасно користење на мониторинг и евалуација во политиките и ќе отвориме поширока платформа за конструктивен дијалог.

За таа цел имаме прво воведни презентации а потоа се надевам на активно учество на сите присутно – со коментари, прашања, дилеми и предлози. Само низ отворен разговор и размена можеме да дојдеме до вистински, применливи решенија.

Macedonian Evaluation Network

HEval hrvatsko evaluacijsko društvo

Тркалезна маса - ПОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ

МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОЛИТИКИТЕ ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

СВЕТОМИР РАЈЧИНОСКИ

Помошник раководител на Сектор за стратегија, планирање, следење и Национална развојна стратегија

Генерален секретаријат на Владата

Erasmus+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Co-funded by the European Union

Macedonian Evaluation Network

HEval hrvatsko evaluacijsko društvo

СТРУКТУРА НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

1. **ВАЖНОСТА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**
2. **МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ И СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА – СЕГАШНА СОСТОЈБА**
3. **ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ НА ВЛАДАТА**

1. ВАЖНОСТА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

„АКО НЕШТО НЕ СЕ МЕРИ ТОГАШ ТОА НЕ МОЖЕ ДА СЕ УПРАВУВА“ *(Peter Drucker)*

- **МОНИТОРИНГ** – чин на набљудување на процес, ситуација или одредено нешто.
- **ЕВАЛУАЦИЈА** – анализа на информациите кои се прибрани со процесот на мониторинг.
- **МОНИТОРИНГ НА ЈАВНА ПОЛИТИКА** - континуиран и систематски процес на **прибирање**, **анализа**, и **известување** за информации поврзани со креирањето, спроведувањето и **аутпутот (output)** од одредена јавна политика.
- **ЕВАЛУАЦИЈА НА ЈАВНА ПОЛИТИКА** – систематско и **објективно оценување** на креирањето, спроведувањето и **исходот (outcome)** на одредена јавна политика.

ВАЖНОСТА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

- **Рано откривање на проблеми**
- **Поддршка на стратегиско одлучување засновано на докази**
- **Мерење на влијанието и исходот во реалноста**
- **Подобрување на отчетноста и транспарентноста**
- **Зголемена доверба и легитимност на јавноста кон политиките на Владата**
- **Подобрување на ангажманот и учеството на засегнатите страни**

ВАЖНОСТА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

- **Ги поттикнува иновациите -** со систематско идентификување области за подобрување, поттикнува тестирање на нови решенија и креативни алтернативи.
- **Го подобрува процесот на стратешко планирање** - ги прави долгорочните стратегии поприземни и пореални.
- **Меѓусекторска координација -** M&E ја поттикнува соработката меѓу министерствата и органите на државната управа преку усогласување на целите и следење на заедничките резултати.

2. МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ И СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА – СЕГАШНА СОСТОЈБА

- Владата, преку **Генералниот секретаријат на Владата**, како **координатор на процесот на стратешко планирање**, треба да води сметка **политиките** што ги креира и спроведува да бидат **добро координирани** и **усогласени** една со друга, **во интерес на граѓаните**, истовремено обезбедувајќи **економска ефикасност** во трошењето на јавните ресурси и нивната оптимална распределба.
- **Стратегиски документи на Владата** (Програмата за работа на Владата 2024-2028)

https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk

МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ И СТРАТЕШКИТЕ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА – СЕГАШНА СОСТОЈБА

Подзаконски акти како правна рамка за стратешко и секторско планирање

- https://vlada.mk/podzakonski-akti
- https://vlada.mk/strateshko-planiranje

Националната развојна стратегија 2024-2044

- https://nrs.mk/

Регистар на стратегиски плански документи

- https://nrs.mk/lista-na-strategii.nspx

3. ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ НА ВЛАДАТА

ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ

- **Недостаток на Мониторинг и Евалуациона култура**
- **Ограничени институционални капацитети** – недостаток на обучен кадар и системи за спроведување на значајна M&E
- **Слаба податочна структура** (прибирање, чување и анализа на податоци)
- **Краткорочни циклуси на планирање**

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА МОНИТОРИНГОТ И ЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ НА ВЛАДАТА

МОЖНОСТИ

- **Креирање ефикасен систем за M&E**
- **Јакнење на капацитетите на државните службеници за M&E (Обуки, размена на позитивни искуства и пракси во други земји)**
- **Дигитална трансформација**
- **Foresight (Долгорочно “предвидување“)**

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

Ви благодарам на вниманието!

ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА (M&E) ЗА ЈАВНИТЕ И ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

ТРАКАЛЕЗНА МАСА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА (M&E) ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ

Локација: МЕП – Министерство за европски прашања

Скопје, 18.06.2025

Erasmus+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Co-funded by the European Union

ММЕ МАКЕДОНСКА МРЕЖА НА ЕВАЛУАТОРИ

За ММЕ

- Работи од 2014 во рамки на МКА 2000
- Формално регистрирана 2022 како самостојно професионално здружение
- ММЕ се залага за промовирање на важноста на евалуацијата во развојот на јавните политики и програмите,посебно во процесот на придружувањето кон ЕУ.
- Се залага за воспоставување на професија евалуатор, по пример на многу земји
- ММЕ активно учествува во организирањето на Регионална конференција на евалуатори во Западен Балкан на секои две години. МК конф во 2021.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ЗА ММЕ

Членка на повеќе меѓународни организации

Western Balkan Evaluation Network

NESE Network of Evaluation Societies in Europe

IOCE International Organization for Cooperation in Evaluation

Членови во повеќе работни групи како професионализација, млади, развој на професијата и сл.

EvalPartners

IRIPE

EvalAgenda2020

Оваа поврзаност ѝ овозможува на ММЕ да се вклучи со поширока заедница на евалуатори, олеснувајќи размена на знаење и соработка за најдобри практики во евалуацијата.

Со учество во овие мрежи, МЕN може да ги искористи ресурсите, да сподели искуства и да усвои иновативни методологии за евалуација кои се корисни за локалните контексти.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ЗОШТО Е ПОТРЕБНА МИЕ ?

Зошто ни е евалуацијата?

- Примарна улога е учењето: што научивме, како да подобриме, каде згрешивме, што било добро, што влијаело на политиките и слично
- Власта има ресурси, буџет, институции, капацитет, но ефективноста на власта се мери колку ефективно тие ресурси се претвораат во резултати, дали се остваруваат целите на општеството
- Политиките, програмите се софтверот кој ги управува ресурсите и ги претвора во резултати
- Дава наоди, заклучоци и препораки, кои им служат на носителите на одлуки да носат одлуки врз база на докази и информации.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

Планирањето, мониторинг и евалуација

ДЕФИНИЦИИ

- **Планирањето на развојот** е употреба на координирани политики за постигнување на национални цели
- **Мониторинг** е процес на бележење на постигнувањата, наспроти таргетите, бележење на активностите и користење на ресурсите. Ни укажува до каде сме, но не и зошто.
- **Евалуацијата** е процес каде холистички се анализира интервенцијата, од својот почеток до крај. Дава одговори важни за носителите на одлуки.

Macedonian Evaluation Network

ЕВАЛУАЦИСКИ ПРАШАЊА

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

НАОДИ, ЗАКЛУЧОЦИ

НЕ ПОСТИГНУВА РЕЗУЛТАТИ	ИМА ДОБРИ РЕЗУЛТАТИ	ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА
1. Лоша теорија на промена, дизајн на интервенцијата 2. Лоша имплементација, недоволно ресурси и капацитет, 3. Недоволно согледани надворешни фактори Последици: изгубени ресурси и време, нема подобрување на квалитет на живот на граѓаните	1. Добра теорија на промена, рационални претпоставки, добар дизајн 2. Доволно ресурси и капацитет, добра имплементација	1. Дали има непланирани, странични ефекти, и колкави се? 2. Што научивме? 3. Дали се резултатите последица на интервенцијата или на нешто друго, 4. Дали можеле да се постигнат резултатите со помали ресурси, 5. Дали се одржливи резултатите на долг рок, 6. Дали е интервенцијата кохерентна со другите политики 7. Кои се добрите и лошите практики идентификувани

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ЕУ Директиви за евалуацијата

ЗОШТО Е ПОТРЕБНА МиЕ ?

- ЕУ користи директиви и упатства за да обезбеди евалуација на јавните политики, фокусирајќи се на критериумите на ОЕЦД и додадената вредност на ЕУ.
- Комисијата евалуира специфични закони, политики и активности за да утврди дали се соодветни за целта (релевантност) и дали ги испорачале посакуваните промени (резултати).
- ЕУ **Агендата за Подобра Регулатива**, обезбедува заеднички стандарди за евалуација https://commission.europa.eu/law/law-making-process/better-regulation_en
- Цел на евалуацијата: Примарните цели на евалуацијата се да информираат
  - за поставувањето политички приоритети,
  - да придонесат кон стратешкото планирање и
  - да го олеснат ревидирањето на постојните политики и законодавство.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

СОВРЕМЕНИ ПРИСТАПИ КОН УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВЕН СЕКТОР

ЗОШТО Е ПОТРЕБНА МИЕ ?

- **Управување базирано на резултати** (**Result Based Management**) е стратегија за управување фокусирана на постигнување на конкретни резултати и импакти.
  - УБР бара: поставување јасни цели, мерење на перформансите и користење на податоци за информирање на процесот на донесување одлуки и подобрување на ефикасноста на програмата.
  - Фалењето со постигнувањата не е доволно. Тие резултати мора и да се докажат, преку јасни и релевантни индикатори, кои се дел од системот за **Планирање на развојот** и M&E на планот.
  - Ова е во согласност со пристапот на **носење на одлуки базирани врз докази (Evidence Based Policy Making)**. Преку примена на (M&E) може да се добават докази кои ќе проценат дали политиките и програмите ги постигнуваат своите планирани резултати.
- Управувување со резултати, го поддржува пристапот и принципите на **доброто управување** (**Good Governance)** преку поттикнување на транспарентност, отчетност и ефикасност во користењето на јавните ресурси.

ВАЖНИ ПРОЦЕСИ КОИ ВЛИЈААТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВЕН СЕКТОР

ЗОШТО Е ПОТРЕБНА МИЕ ?

- **SIGMA** е иницијатива на OECD и Европската Унија, фокусирана на зајакнување на управување со јавниот сектор во контекст на проширувањето на ЕУ.

  Централно место во пристапот на SIGMA е континуираното следење и евалуација на реформите во јавниот сектор, со што се обезбедува политиките да се прилагодат на променливите потреби и контексти.

- **Реформската агенда** (РА) и **Програмите за економски реформи** (ПЕР) се од витално значење за процес на придружување кон ЕУ. Евалуациите на импактот/влијанието се клучни за оценување на ефикасноста на реформите.

  М&Е помага во следењето на спроведувањето на реформите, мерењето на нивните резултати и оценувањето на нивното влијание. Ова вклучува поставување клучни индикатори за перформанси (KPI) и анализа на промените во нивните вредности за време на спроведувањето.

ЗАКЛУЧОЦИ - ПОТРЕБА ОД М&Е ВО ЈАВЕН СЕКТОР

ЗОШТО Е ПОТРЕБНА МИЕ ?

- Без М&Е, УБР станува збир на цели без начин за мерење на напредокот или влијанието. Тоа е како да тргнете на патување без мапа или начин за следење на вашата локација. Можеби имате добри намери, но нема да знаете дали всушност стигнувате некаде.
- Без М&Е, носењето на одлуки врз база на докази ја губи својата основа. **Одлуките засновани на докази бараат докази**, а М&Е е примарно средство за собирање и анализа на тие докази. Без М&Е, одлуките би се базирале на претпоставки, интуиција или анегдотски информации, а не на податоци.
- Практиките за (М&Е) помагаат да се идентификуваат успешни стратегии и области каде има потреба од корекција, притоа градејќи култура на отчестност.
- **КОГА ЕВАЛУАЦИЈА? НА ПОЧЕТОК, СРЕДИНА И КРАЈ !!!**
- **ИМА ПОТРЕБА ОД СИСТЕМСКИ ПРИСТАП КОН ЕВАЛАУЦИЈАТА, ЗА ДА ГИ ИСПОЛНИ СВОИТЕ ФУНКЦИИ**

ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ

ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА (M&E) ЗА ЈАВНИТЕ И ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

ЕУ - ЕРАЗМУС+ проект

ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

- Има цел да промовира M&E во јавниот сектор, како основа за транспарентност, одговорност, донесување одлуки засновани на докази, управување насочено кон резултатите и подобрено управување со јавни ресурси
- Македонската мрежа на евалуатори (МЕН) во партнерство со Хрватското евалуациско друштво (HEVAL) работи на зајакнување на соработката помеѓу земјите кандидати и земјите членки на ЕУ за поддршка на соработката во јавниот сектор.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ЕУ - ЕРАЗМУС+ проект

РЕЗУЛТАТИ НА ПРОЕКТОТ

Зголемување на капацитетот за M&E преку:

Обука на 60 јавни и државни службеници за практични вештини во мониторингот и евалуацијата (M&E)

Засилување на соработката помеѓу земјите-членки на ЕУ и земјите кандидати за членство

Овозможување на трансфер на знаење за стандардите на M&E на ЕУ и помагање на институциите од Северна Македонија да се подготват за идната употреба на структурни фондови на ЕУ кога ќе започне процесот на преговори.

Промовирање на одговорноста и подобро донесување одлуки:

Подобрување на практиките на управување со проекти, осигурувајќи поголема фокусираност кон резултатите и поефективна употреба на јавните ресурси.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ЕУ - ЕРАЗМУС+ проект

АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ

- **Развивање на 5 тренинг модули за M&E**
  Модули прилагодени за јавната администрација со кои ќе ги подобрат практичните вештини во M&E.
- **Испорака на четири обуки во три плански региони Скопје, Куманово и Тетово**
  Обука за 60 учесници од централни и локални државни институции.
- **Студиска посета во Хрватска**
  Студиската посета ќе им овозможи на 10 учесниците на обуката, да се запознаат со успешните практики на M&E во Хрватска, и ќе ја поттикнат соработката во регионот.
- **Кампања на социјалните медиуми**
  Подигање на свеста и промоција на важноста на M&E во јавниот сектор, поттикнувајќи поголемо учество.

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

ТЕМИ ЗА ДИСКУСИЈА

ТРКАЛЕЗНА МАСА - ДИСКУСИЈА

1. Како евалуацијата може да ги информира и подобри одлуките за политиките, преку креирањето политики засновани на докази
2. Каква стратегија и план се потребни за вклучување на засегнатите страни во процесот на подобрување на користење на евалуација
3. Оценка на сегашните капацитети на јавниот сектор за евалуација и идентификување на потребите за обука и ресурси за зајакнување на компетенциите за евалуација кај јавните службеници
4. Кои можат наодите од евалуацијата системски да се интегрираат во формулирањето и ревизијата на политиките.
5. Потребата од стандардизирани пристапи кон евалуацијата, креирање на регулатива, систем и професионализација на евалуацијата.
6. Стратегии за поттикнување култура на евалуацијата и нејзина редовна примена во оценувањето на интервенциите на јавниот сектор.

Ви благодарам на вниманието!

Блашко Данилов
men@men.mk
070233867
www.men.mk

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

https://men.mk/
macedonian-evaluation-network-men
evaluation.men.mk
macedonianevaluationnetwork

Erasmus+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Co-funded by the European Union

Мапирање и идентификација на чинителите во процесите на M&E на Целите за одржлив развој

Тркалезна маса
„Подобрување на употребата на мониторинг и евалуација во креирањето политики во Северна Македонија“
Министерство за европски прашања, Центар за обука на 5.кат,
Скопје, 18 јуни 2025

Erasmus+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Co-funded by the European Union

Зголемување на евалуацијата на Целите за одржлив развој – ЦОР“

- MEN со поддршка од EvalPartners спроведе проект

Цели:

- Зголемување на националните капацитети за M&E на ЦОР
- Промовирање на интегриран пристап во креирање политики
- Мапирање и анализа на засегнати страни
- Формирање национално партнерство за M&E
- Подигнување на свеста и знаењето за M&E

Категории на засегнати страни


Category	Number of stakeholders that received the questionnaire	Number of stakeholders that responded to the questionnaire
(1)	(2)	(3)
1. Policy makers and governments: Government, Parliament, Ministries, Local Administrations, Agencies and Directorates responsible for SDGs monitoring and evaluation.	50	7
2. Public sector local level (Regional centers for development, Municipalities, Local Administrations and similar)	30	6
3. Research community: Universities, MANU, Think Tanks, NGOs	25	12
4. Bilateral/multilateral development partners and Experts: Embassies & country development agencies, UN agencies, MEN, Consultants companies	25	7
5. Private sector (Consultant companies, professional experts' groups and similar).	30	14
7. Individuals (not representing a group)	20	8
TOTAL	180	54


180 засегнати страни вклучени:

1. Креатори на политики и владини институции (Влада, Парламент, министерства, агенции и дирекции поврзани со ЦОР)
2. Јавен сектор на локално ниво (општини, регионални центри за развој и сл.)
3. Истражувачка заедница (универзитети, МАНУ, тинк-танкс, НВО)
4. Развојни партнери и експерти (амбасади, агенции за развој, ОН, МЕН, консултантски компании)
5. Приватен сектор
6. Поединци

Засегнати страни вклучени во мапирањето

- 54 субјекти / индивидуалци
- Ниска застапеност од централни (14%) и локални институции (20%)
- Највисока застапеност: приватен сектор и индивидуалци (48%)
  - Истражувачка заедница
  - Индивидуалци
  - Јавен сектор
  - меѓународни организации
  - Идр.






Области на ЦОР активност поврзани со M&E

Најчесто спомнати цели за оддржлив развој:


- **Цел 8 – Пристојна работа и економски раст**
- Цел 4 - Квалитетно образование
- Цел 16 - Мир, правда и силни институции
- Цел 17 – Партнерство за целите
- Цел 5 – Родова еднаквост



Степен на лична/организациска вклученост во M&E

- 37%: го оценуваат нивното вклучување како **ниско.**
- 33%: го оценуваат како **средно.**
- 30%: го оценуваат како **високо.**

Потребна е поголема интеграција во процесите



Вклученост на засегнатите страни во процесот на ВНР (VNR)- Волонтерски национален преглед




👉 **Препорака: да се прошири бројот на институции кои ќе учествуваат во идните ВНР активности.**

- 20% од засегнатите страни учествувале во процесот на ВНР, додека 80% не учествувале.
- Од оние што учествувале во ВНР:
  - 33% го оцениле нивното учество **како високо**.
  - 26% како средно.
  - 13% сметаат дека нивната улога **не била значајна**.

Вклученост и влијание во процесите на одлучување за M&E

- **Над 80%** од испитаниците сметаат дека нивната вклученост во процесите на одлучување поврзани со M&E на ЦОР е ниска
- Само **15%** сметаат дека нивната вклученост е **висока**.
- **72%** од испитаниците веруваат дека **воопшто немаат влијание** во процесите на M&E на ЦОР.
- Само **18%** веруваат дека **можат да влијаат** на M&E процесите.





Препорака: Да се вклучи поширока група на засегнати страни **пред донесување на важни одлуки** поврзани со M&E.

Перцепција за важноста на M&E

- 70% сметаат дека M&E е **многу значајна**
- 20% просечна важност
- 11% M&E **не е значајна** за нивната работа


📌 И покрај ниското влијание, постои висока свест за важноста на M&E.





Предизвици за ефикасно M&E

- Недостаток на достапни, квалитетни и ажурирани податоци
- Слаба хоризонтална и вертикална координација
- Ограничени технички и човечки капацитети
- Недостаток на постојани и функционални национални платформи



Препораки

- Активно вклучување на чинители со знаење, капацитет и искуство
- Јакнење на капацитетите на јавните институции и нивна мотивација за примена на M&E
- Формирање на меѓусекторски механизми
- Подобрување на координацијата со билатерални и мултилатерални партнери
- Продлабочување на соработката со академската и граѓанската заедница

Ви благодарам на вниманието!

Д-р Венера Гудачи, СМС
veneragudaci@gmail.com
0705355222
www.itmc.mk

Macedonian Evaluation Network

https://men.mk/
macedonian-evaluation-network-men
evaluation.men.mk